# ЗНАЦИ по кои ќе препознаете дека ДЕТЕТО е ЖРТВА на БУЛИНГ



## Знаци што може да ги забележите на училиште:

- Детето станува агресивно без повод.
- Се впушта во тепачки со други (помали) деца.
- Не сака да разговара со наставниците за тоа што се случува.
- Има необјасниви модринки, гребнатини.
- Облеката често му е оштетена.
- Училишниот успех се намалува.
- Детето често е само (само седи во клупа или е само на голем одмор).
- Покажува промени во однесувањето кога треба да зборува пред целото одделение (одбива, се срами).
- Покажува знаци на страв и несигурност.
- Честопати од другите деца во одделението е мета на задевање (со мимики или дофрлања).

## Знаци што може да ги забележите дома:

- Има проблем со станувањето наутро за училиште.
- Не сака/одбива да оди на училиште.
- Почесто од порано бара вие да го однесете на училиште.
- Ги менува навиките во однос на спиењето и јадењето.
- Многу често  е плачливо, пројавува лутина и бес, го менува расположението и е анксиозно.
- Има модринки за кои не сака/не дава објаснување.
- Има стомачни болки.
- Другарчињата со кои најчесто се дружи се на помала возраст.
- Не сака да разговара со вас за училиштето, за другарчињата од одделението.
- Почесто од порано користи  социјални мрежи.

Ekumenska inicijativa žena

„Објавувањето на оваа публикација беше поддржано од Екуменска иницијатива на жени од Омиш, Хрватска. Содржината на оваа публикација ги одразува само ставовите на ЕХО Едукативно хуманиратна организација Штип,  и не мора да ги претставува официјалните ставови на ЕИЖ.“

ехо
ЕДУКАТИВНО-ХУМАНИТАРНА ОРГАНИЗАЦИЈА ШТИП